# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 20 | Петок, 31 август 2012 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **313.** | **Одлука** за доделување стипендија на Сања Стојанова од с. Рич ..................... | 3 |
| **314.** | **Одлука** за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2012 година ....................... | 3 |
| **315.** | Одлука за доделување на финансиски средства на Општинската организација на Црвен крст – Струмица .................... | 4 |
| **316.** | **Одлука** за утврдување на приоритетни локални патни правци во Општина Струмица ............................................... | 5 |
| **317.** | **Одлука** за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1744 во КО Струмица .............................................. | 6 |
| **318.** | **Одлука** за донесување Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1745 во КО Струмица | 6 |
| **319.** | **Одлука** за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 328 во КО Струмица ................................................. | 7 |
| **320.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7721/2 КО Струмица .......................... | 8 |
| **321.** | **Одлука** за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 6860 КО Струмица ........................... | 9 |
| **322.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласувањена намената на градежно земјиште на КП бр. 1206 КО Градско Балдовци ........... | 9 |
| **323.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3272/1 КО Банско ........................... | 10 |
| **324.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 4998/1 КО Струмица ....................... | 11 |

325. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 3420/1 КО Струмица ................................ 11

326. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 4945 КО Струмица ...................... 12

327. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2871 КО Банско ........... 13

328. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7236/2 КО Струмица ...................... 13

329. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6745/1 КО Струмица ....................... 14

330. **Програма** за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година ... 15

331. **Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за период од 01.01 до 30.06.2012 година ... 16

332. **Заклучок** за усвојување на Информацијата за пожарот од 23 јули 2012 и последувателните пожари во заштитното зеленило на град Струмица 16

333. **Заклучок** за одложување на донесување на Одлука утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7445 КО Струмица ........................... 17

334. **Заклучок** за одложување на донесување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6489 КО Струмица ........................ 18

335. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица за период од 01.01 до 30.06.2012 година . 18

336. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката на управниот одбор за усвојување на Извештајот за работата на ЈПЕД „Струмица - гас“ Струмиоца ........ 19

337. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката на управниот одбор за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за работата на ЈПЕД „Струмица - гас“ Струмица за 2012 година ............................................ 20

338. **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица до 30.06.2012 година . 20

339. **Квартален извештај** за извршување на Буџетот на општина Струмица до 30.06.2012 година ………………….……… 20


---

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување стипендија на Сања Стојанова од с. Рич

1. Се објавува Одлуката за доделување стипендија на Сања Стојанова од с. Рич, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6851/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………..

**313.**

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) ) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување стипендија на Сања Стојанова од с. Рич**

Член 1

За помош во обезбедувањето услови за продолжување на образованието на високообразовна установа, Општина Струмица, доделува стипендија во износ од 10.000,оо денари месечно на Сања Стојанова од с. Рич, ќерка на Пено Стојанов од с. Рич, кој им подлегна на повредите здобиени при гаснењето шумскиот пожар од 23 јули 2012 година .

Член 2

Стипендијата се доделува за редовно студирање за период од 4 години на високообразовна установа, во 10 еднакви месечни рати за периодот септември - јуни во тековната учебната година.

Член 3

Сретствата за исплата на стипендијата се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

Член 4

Исплатата на стипендијата ќе ја реализира Градоначалникот на општина Струмица, врз основа на оваа Одлука и доставена документација (извод од матична книга на родените и потврда за редовен упис на студентот на семестар во високообразовна установа, на лично доставена трансакциона сметка) .

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“ .

Бр.08 -6851/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2012 година

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2012 година, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6853/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**314.**

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) ) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2012 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2012 година („Службен гласник на општина

Струмица“ бр. 23/2011) се врши следното дополнување:

Во член 6 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и Буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, како и одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на Буџетот не може да се зголемат со Одлука за прераспределба повеќе од 10%.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08 -6853/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...........................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на Општинската организација на Црвен крст - Струмица

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Општинската организација на Црвен крст – Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6854/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**315.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување финансиски средства на Општинската организација на Црвен крст - Струмица**

Член 1

Се доделуваат 100.000 денари на Општинската организација на Црвен крст – Струмица, за реализација на програмски активности во 2012 година.

Член 2

Доделениете финансиски средства да се исплатат од Буџетот на општина Струмица за 2012 година, од G1 – Програма за активностите на општина Струмица од областа на локалниот економски развој и туризмот за 2012 година, на жиро сметка на ОО на Црвен крст– Струмица.

Член 3

Се задолжува ОО на Црвен крст– Струмица, до Градоначалникот и Советот на општина Струмица, да достави Извештај за реализација на програмските активности со доделените финансиски средства.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08 -6854/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...........................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритетни локални патни правци во Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритетни локални патни правци во Општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6855/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**316.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритетни локални патни правци во Општина Струмица**

Член 1

За вклучување во третиот тендер во Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа од страна на Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) во Општина Струмица се утврдува приоритетна потреба од :

1. Реконструкција на локален патен правец Добрејци - Индустриска зона Добрејци.

Член 2

Приоритетниот локален патен правец се утврдува за аплицирање во фондовите на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за финансирање преку проектот „Рехабилитација и подобрување на локалните патишта“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08 -6855/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1744 во КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1744 во КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6857/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**317.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1744 во КО Струмица**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1744 во КО Струмица .

Член 2

Со Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1744 во КО Струмица се врши измена и дополнување на дел од блок број 9 (блок број 20 по ГУП) во Струмица.

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1744 во КО Струмица, е со површина од 161 м$^2$ и граничен опфат :

- од северозапад со ул.„Страшо Пинџур“;
- од југо-запад со КП бр.1745;
- од исток со КП бр.1765 и
- од североисток со КП бр.1743.

Член 3

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1744 е изработен од ДПГТ „Вектор 90“ Томе дооел Струмица со техн. бр. 048-0410/2011 и се состои од:

-текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1744 во КО Струмица се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08 -6857/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1745 во КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1745 во КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6858/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**318.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1745 во КО Струмица**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 1745 во КО Струмица .

Член 2

Со Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1745 во КО Струмица се врши измена и дополнување на дел од блок број 9 (блок број 20 по ГУП) во Струмица.

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1745 во КО Струмица, е со површина од 138,3 м$^2$ и граничен опфат :

- од северозапад со ул.„Страшо Пинџур“;
- од југо-запад со КП бр.1746;
- од североисток со КП бр.1765 и
- од север со КП бр.1744.

Член 3

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1745 е изработен од ДПГТ „Вектор 90“ Томе дооел Струмица со техн. бр. 049-0410/2011 и се состои од:

-текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.1745 во КО Струмица се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6858/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 328 во КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 328 во КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6859/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**319.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 328 во КО Струмица**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за една градежна парцела на КП бр. 328 во КО Струмица.

Член 2

Со Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.328 во КО Струмица се врши измена и дополнување на дел од блок број 20 (блок број 2 по ГУП) во Струмица

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.328 во КО Струмица, е со површина од 351 $м^2$ и граничен опфат :

- од север со КП бр.327;
- од исток со КП бр.329 и 330;
- од запад со КП бр.325 и
- од југ со ул.„Јанко Цветинов“.

Член 3

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.328 во КО Струмица е изработен од ДПГТ „Вектор 90“ Томе дооел Струмица со техн. бр. 047-0410/2011 и се состои од:
-текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за една градежна парцела на КП бр.328 во КО Струмица се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6859/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7721/2 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7721/2 КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6860 /2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**320.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7721/2 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправнен објект – викендица, кој се наоѓа на КП бр. 7721/2 КО Струмица, во сопственост на лицето Даов Илија од Струмица.

Објектот се наоѓа вон градежниот опфат на град Струмица на КП 7721/2 - култура пасиште со површина од 893 м$^2$ , евидентирана со имотен лист бр. 7234 на име на Република Макадонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07-6860/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 6860 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласувањена намената на градежно земјиште за КП бр. 6860 КО Струмица, донесена на седница на

Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 -6861/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**321.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 6860 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува дека не се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправнен помошен објект кој се наоѓа на КП бр. 6860 КО Струмица, во сопственост на лицето Зоран Бозов од Струмица.

Објектот се наоѓа на КП бр. 6860 во КО Струмица м.в. „Софилар“, во зона на станбени куќи. Според ГУП на град Струмица објектот е изграден врз главниот цевковод за снабдување на градот со вода и во безбедносниот заштитен појас за интервенции врз цевководот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07-6861/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 1206 КО Градско Балдовци

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласувањена намената на градежно земјиште на КП бр. 1206 КО Градско Балдовци, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6862/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................................

**322.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 1206 КО Градско Балдовци**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправнен објект – станбена куќа со

помошни простории , кој се наоѓа на КП бр. 1206 КО Градско Балдовци, во сопственост на лицето Стојан Танчев од Струмица ул. „Вардарска“ бр. 21.

Објектот се наоѓа вон градежниот опфат на Градско Балдовци на КП 1206 , во зона на повеќе бесправно изградени објекти.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07-6862/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3272/1 КО Банско

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3272/1 КО Банско, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6863/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**323.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3272/1 КО Банско**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправнен помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 3272/1 КО Банско, во сопственост на лицето Стојан Мицевски од Банско

Објектот се наоѓа на КП бр. 3272/1 КО Банско, на површина на која согласно УДНМ на с. Банско е предвидена зона за заштитно зеленило.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07- 6863/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 4998/1 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 4998/1 КО Струмица, донесена на

седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08-6865/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**324.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 4998/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува дека не се исполенти условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот помошен објект на КП бр. 4998/1 КО Струмица, во сопственост на лицето Јованова Јорданка од Струмица.

Помошниот објект се наоѓа во градежниот опфат на град Струмица на КП 4998/1 на ул. „Вардарска“ и преставува пречка за доизведба на џеб за влез на три куќи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07-6865/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 3420/1 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 3420/1 КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08-6866/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**325.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 3420/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на безправен објект – гаража на КП бр. 3420/1 КО Струмица во сопственост на Иванов Димчо од Струмица.

Според УДНМ за стар блок 21 дел од објектот навлегува во трасата на

сообраќајната инфраструктура на која е предвидено изградба на тротоар.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-6866/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 4945 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 4945 КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр.08-6867/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................................

**326.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 4945 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на безправен објект – станбена куќа и помошни објекти на КП бр. 4945 КО Струмица во сопственост на Јанев Панде од Струмица.

Според ДУП за блок бр, 5 (одл.бр. 02-670/1 од 01.10.1987 г.) објектот се наоѓа во зона за домување, а дел од помошните објекти зафаќаат површина на која е предвидена сообраќајна инфраструктура.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 07-6867/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2871 КО Банско

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2871 КО

Банско, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6868/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**327.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2871 КО Банско**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на безправен објект – станбена куќа на КП бр. 2871 КО Банско во сопственост на Наце Трендов од Банско .

Според УДНМ на с. Банско бесправниот објект – станбена куќа на КП бр. 2871 КО Банско е изграден на земјиште на кое е предвидена сообраќајна инфраструктура.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-6868/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7236/2 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување неисполенти услови за донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7236/2 КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6869/2 Општина Струмица
30.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**328.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување неисполенти услови за донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7236/2 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува дека не се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за промена на

трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на безправен објект – станбена куќа на КП бр. 7236/2 КО Струмица во сопственост на Петар Оџаков од Струмица.

Според ДУП за Урбан блок 17 објектот се наоѓа на земјиште на кое е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 07- 6869/1 Совет на општина Струмица
30.08.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................

Врз основа на член 50 став 1 тока 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6745/1 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6745/1 КО Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на 30.08.2012 година.

Бр. 08 - 6871/2 Општина Струмица
31.08.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**329.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.08.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6745/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на безправен објект – станбена куќа на КП бр. 6745/1 КО Струмица во сопственост на Петар Катранџиев од Струмица.

Бесправниот објект станбена куќа се наоѓа на КП бр. 6745/1 во КО Струмица. Согласно ГУП на град Струмица (одл. бр. 07- 4826/1/1 од 18.07.2006 година) објектот е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко - планска документација е предвидено изградба на сообраќајна инфраструктура.

Член 2

